**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303—582/5**

**Скопје, 09.12.2008 година**

**ДО**
**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПЕТРОВЕЦ“ - ПЕТРОВЕЦ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно комунално претпријатие „Петровец“ - Петровец (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 15 до 18.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно комунално претпријатие „Петровец“ - Петровец за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Перо Арсовски - вршител на должноста директор од 14.02.2007 година,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 14 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 25.08.2008 до 04.09.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

***Процес на наплата и плаќање преку благајна***

10.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на наплата и плаќање во готово, односно располагање со паричните средства во благајна констатиравме ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната, како и во трговските книги што не е во согласност со одредбите од Законот за платниот промет и Законот за трговските друштва. Непостоењето и нефункционирањето на интерни котроли во овој процес создава ризик од нецелосност на паричните средства, несоопфатна евиденција, незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување и донесување на интерни акти за начинот на располагање со паричните средства во благајна, искажување на целокупниот промет во дневник на благајна и трговските книги.

***Процес на следење на работните активности на инкасаторот (утврдување на корисниците на услугите, дистрибуција на сметките и нивна наплата)***

10.1.2. При оценка на работните активности на инкасаторот (утврдување на корисниците на услугите, дистрибуција на сметките, нивна наплата и друго) констатирано е отсуство на интерен акт/правилник за целосно определување/регулирање на неговите активности односно невоспоставени интерни контроли, отсуство на задолжување на инкасаторот со месечни сметки за реоните во кои ја врши нивната дистрибуција, редовно ажурирање на корисниците на услугите, контрола на наплатени и уплатени средства. Ваквата состојба предизвикува отсуство на целосна база на податоци за корисниците на услугите, несоодветно задолжување на инкасаторот со сметки за одреден реон и ризик од неверодостојни/неточни податоци за наплатените сметки за извршените услуги и нивна уплата во главна благајна, односно сметка и незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да пропишат, донесат и имплементираат интерен акт/правилник кој ќе обезбеди регулирање, надзор и контрола на работните активности на инкасаторот.

10.2. **Неправилна примена на акти**

10.2.1. Советот на општина Петровец на седницата одржана на ден 22.07.2005 година донел Одлука за разрешување на директорот на ЈКП „Петровец“ Петровец, која стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Петровец. Градоначалникот на општината Петровец донел Решение за именување на вршител на должност директор на ЈКП „Петровец“ Петровец на ден 14.02.2007 година, кое решение стапува во сила со денот на донесувањето. Во наведениот период од разрешувањето на претходниот директор и назначување на вршител на должноста, не постои овластено лице кое ќе управува со јавното претпријатие. Наведените промени (разрешување на директор и назначување в.д.) се спроведени во Централниот регистар на Република Македонија на 21.05.2007 година, а правото на располагање со средствата на сметката во носителот на платен промет е сменето на 22.05.2007 година. Ваквите состојби не се во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за јавните претпријатија, Законот за платниот промет и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и предизвикува можност од злоупотреба на средствата на претпријатието.

**Препорака:**

Основачот на претпријатието, градоначалникот на општината и надлежниот орган за раководење со претпријатието да ги задолжат соодветните стручни служби за навремено донесување и континуирано спроведување на донесените акти кај надлежните институции/регистри.

10.2.2. Јавното претпријатие не превземало мерки и активности за изготвување и доставување на целосни финансиски извештаи (извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки) подготвени во согласност со МСС за 2006 и 2007 година и истите не се презентирани на усвојување од страна на управниот одбор на претпријатието и основачот/општина Петровец, што не е во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва, Законот за јавните претпријатија и МСС. Непочитувањето на наведените законски акти и МСС предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени согласно на барањата утврдени во стандардите што влијае на неможност од потврдување на реалноста и објективноста на информациите кои ги обезбедуваат финасиските извештаи.

10.2.3. Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието не превземале активности за задолжување на лице/овластен правен субјект за водење на трговските книги и презентирање на веродостојни и точни податоци во финансиските извештаи/годишната сметка, што не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва и МСС. Ваквата состојба предизвикува да не се води евиденција односно да не се водат трговските книги; годишната сметка (билансот

на состојба и билансот на успех) да нема вредности односно истите се доставени до надлежните органи (Централен регистар) непотполнети/без податоци; оневозможување на надлежните органи (управниот одбор и основачот) да се произнесат по истите и можност од злоупотреба на средствата.

10.2.4. Јавното претпријатие не превземало мерки и активности за водење на трговски книги на начин што ги прави видливи сите превземени трговски и правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите во согласност со принципите на правилно водено сметководство и чување на трговските книги, сметководствените документи, годишните сметки и финансиските извештаи за претходни години што не е во согласност со Законот за трговските друштва. Ваквата состојба има за ефект нереално прикажување на податоците во финансиските извештаи и ризик од злоупотреба на средствата со кои располага претпријаитието.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да извршат вработување на лице со соодветни квалификации за водење на трговските книги и изготвување на финансиските извештаи, односно водењето на трговските книги и изготвувањето на финансиските извештаи го доверат на овластен/правен субјект.

Надлежниот орган за раководење со претпријатието (директор) да обезбеди редовно и континуирано водење на трговските книги; презентирање на веродостојни податоци во финансиските извештаи; нивно доставување на разгледување и усвојување на надлежните органи (управен одбор, надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и основачот).

10.2.5. Јавното претпријатие не презентираше соодветни и веродостојни документи од кои може да се констатира дека пристапиле односно директорот ги превземал потребните активности за:

- Изработување и предлагање на Програма за работа и развој, годишна инвестициона програма и Финансиски план кој ги содржи сите приходи и расходи на претпријатието и инвестициите со динамиката на нивното реализирање. Во текот на 2008 година јавното претпријатие има донесено Финансиски план и Програми за работа за 2008 година, поради што ревизијата за овој дел од утврдената состојба не дава препорака
- изготвување на тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење и нивно доставување до основачот на претпријатието,
- изготвување извештај за работењето на претпријатието на секои шест месеци обрнувајки посебно внимание на содржината на податоците за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, вклучувајки и податоци за финансиското работење и нивно доставување до управниот одбор и основачот на претпријатието,
- изготвување на годишен извештај за работењето на претпријатието и негово доставување до надлежните органи односно основачот на претпијатието.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија, а отсуството на превземените активности за

изготвување на наведените програми и извештаи предизвикува ограничување на надлежностите на основачот на јавното претпријатие, а пред се во делот на давањето согласност на годишниот извештај и превземање на конкретни активности за отстранување на неповолните состојби во претпријатието.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да го задолжи надлежното лице за раководење на претпријатието (директор) за континуирано, навремено и квалитетно изготвување на наведените извештаи и нивно доставување до надлежните органи на разгледување и донесување.

10.2.6. Надлежните органи за раководење со претпријатието не ги превземале потребните активности за усогласување на своето работење со одредбите на Законот за управување со отпадот и подзаконските прописи од оваа област, при што ревизијата ги констатира следните состојби:

- претпријатието ја нема воспоставено потребната евиденција (секојдневна) во пропишаниот образец дневник согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад и член 39 од Законот за управување со отпадот (пред се Прилог број 6, Прилог број 7), нивна консолидација на крајот на годината и нивно доставување најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до надлежниот орган за вршење на стручните работи од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината,
- претпријатието не презентираше дозвола за собирање и транспортирање на отпад, ниту презентираше акт дека ги превземал потребните активности/постапки за обезбедување на потребните дозволи што не е во согласност со одредбите на член 43, 45 и 46 став 5 од Законот за управување со отпад.
- претпријатието не превземало активности за обезбедување на минимално-техничките услови за вршење на дејноста (собирање, транспортирање на комунален и друг неопасен отпад), што не е во согласност со точка IV од Правилникот за формата и содржината на барањето, формата и содржината на дозволата за собирање и транспортирање на комунален и другите видови на неопасен отпад, како и минимално техничките услови за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад,
- претпријатието не изготвува идентификационен формулар за отпад, транспортен формулар за отпад за секој одделен вид на отпад и годишен извештај што не е во согласност со член 39 став 3, 6 и 7 од Законот за управување со отпадот и член 3 и 4 од Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување на отпадот.

- o претпријатието не превземало активности за склучување на договори со создавачите на комерцијалниот отпад за негово собирање и транспортирање (презентиран е само 1 договор склучен во 2003 год. со Вадра Продукт), што не е во согласност со одредбите на член 43 став 8 од Законот за управување со отпад. Во текот на 2008 година претпријатието пристапило кон склучување на договори со правните лица создавачи на комерцијален отпад.
- o не е склучен договор помеѓу давателот/јавното претпријатие и корисниците на услугите (физички лица) со кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски согласно член 43 став 8 и член 121 став 4 од Законот за управување со отпадот.
- o претпријатието не презентираше соодветни докази и не превземало активности за поставување на садови за селектирање на комуналниот отпад со кое се овозможува селектирање на отпадот пред негово собирање, што не во согласност со одредбите на член 44 став 3 од Законот за управување со отпад.

Ваквата состојба предизвикува несодветно постапување со отпадот и можност за опасност по заштитата на животната средина и здравјето на луѓето.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги превземат потребните активности за: соодветно управување со отпадот; обезбедување потребните дозволи од надлежните органи, поставување садови за селектирање на отпадот и склучување на договори со корисниците на услуги (физички лица).

10.2.7. Јавното претпријатие не презентираше соодветни веродостојни докази дека е добиена согласност од основачот на јавното претпријатие општина Петровец со која се утврдуваат цените на услугите што претпријатието ги врши за корисниците и тоа за: цените за подигање на смет кај правни и физички лица и ценовници за чистење на септички јами, што не е во согласност со Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските прописи предизвикува неможност да се потврди објективноста на извршената наплата по основ на извршените услуги; остварениот финансиски резултат и законското користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да превземе активности за утврдување/преиспитување на ценовникот за определување на висина на цената за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад согласно Законот за управување со отпад и другите ценовници, ги предложи на разгледување и донесување од управниот одбор и по нивното усвојување ги препрати до Советот на општината за обезбедување согласност.

10.2.8. Статутот на јавното претпријатие содржи одредби кои упатуваат дека „Управниот одбор на претпријатието се состои од 7 члена од кои една третина (1/3) од членовите се претставници на вработените“ односно дека во јавното претпријатие се формира „Совет на вработени“ чија надлежност се состои во предлагање на членови на Управниот одбор од редот на вработените во претпријатието, предвидува заменик

директор и други одредби кои не се во согласност со Законот за јавните претпријатија. До денот на ревизијата не се превземени активности за усогласување на статутарните одредби со Законот за јавните претпријатија. Непревземањето на активности од страна на директорот и управниот одбор на претпријатието за усогласување на статутот на претпријатието предизвикува неусогласеност на статутарните одредби на претпријатието и негова неприменливост во делот на утврдената состојба.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да превземе активности за усогласување на статутарните одредби со Законот за јавни претпријатија, истите ги достави на разгледување и донесување на управниот одбор и обезбеди согласност од основачот.

10.2.9. Во текот на 2007 година управниот одбор и надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење не одржале ниту една седница, односно не обезбедиле имплементација на овластувањата дадени со Законот за јавни претпријатија и Статутот на претпријатието за превземање мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на претпријатието; прегледување на годишните сметки и извештајот за работа на претпријатието, составување на извештај, давање соодветно мислење и нивно доставување до Министерството за финансии. Неодржувањето на потребните седници и неизвршувањето на овластувањата кои им се дадени предизвикува отсуство на мерки и насоки за работењето на претпријатието, неизготвување на потребните извештаи за работењето на претпријатието, несоодветно остварување на дејноста на претпријатието и неизвесен континуитет на претпријатието со неповолна солветност и ликвидност.

**Препорака:**

Основачот на претпријатието да ги задолжи надлежните органи за управување и надзор во претпријатието да обезбедат имплементација на овластувањата дадени со закон.

10.2.10. На увид на ревизијата е даден Правилник за организација и систематизација на работите и работните места и Преглед на вреднување на работите и работните задачи за кои се утврдени следните состојби: не е содржан опис и попис на работи и работни задачи; отсуствува потребниот број на вработени/извршители за секое работно место; не се утврдени групите/коефициентите на сложеност за сите работни места; нема изработено организациони шеми; немаат архивски број и датум и не се потпишани од Претседателот на управниот одбор, односно истите документи ги немаат атрибутите на уреден и веродостоен документ што не е во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Наведените констатации предизвикуваат постоење на неуредни и неверодостојни акти кои можат да доведат до субјективен пристап при одлучувањето за потребите за работна сила и износите на нето платите за вработените од страна на надлежните органи.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да превземе активности за доуредување на утврдените состојби односно изготвување нов акт за организација и систематизација и го достави на разгледување и донесување од управниот одбор.

10.2.11. Советот на општината Петровец на седницата одржана на ден 20.04.2005 година донесува Одлуки за именување на (7) членови на Управниот одбор на јавното претпријатие и (5) членови на Одборот за контрола на материјално – финансиско работење, неводејќи грижа за професионалните квалификации на именуваните членови, нивната стручна подготовка (високо образование кои поседуваат знаење и искуство посебно во дејноста на финансиското – сметководственото работење), односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие“, што не е во согласност со Законот за јавните претпријатија. Неводејки грижа за утврдената состојба основачот предизвикал можност од несоодветно одлучување во работењето на управниот одбор и несоодветно управување со работењето на претпријатието.

**Препорака:**

Основачот на претпријатието да изврши преоценување на донесените акти за формирање на управен и надзорен одбор, притоа да води грижа и обезбеди во управниот одбор и одборот за контрола на материјално–финансиско работење на претпријатието именува лица кои поседуваат знаење и искуство, односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие “.

10.2.12. Јавното претпријатие не го извршува платниот промет преку носителот на платен промет (односно преку трансакциска сметка), а примените парични средства од дневниот пазар во готово не ги уплатува на сметката/трансакциската сметка во носителот на платен промет што не е во согласност со одредбите на Законот за платниот промет. Во текот на 2007 година од вкупно наплатениот дневен пазар во готово во износ од 254 илјади претпријатието извршило платен промет во готово (надвор од носителот на платен промет/трансакциска сметка) и врши плаќања на производи, услуги и надоместоци на лицата ангажирани по договор на дело во готово и да чува пари во благајна повеќе од утврдениот касов максимум кое има за ефект неискажување на наведените средства во трговските книги и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата и нередовно подмирување на даноците и придонесите. На ден 20.10.2008 година јавното претпријатие достави изводи од носителот на платен промет од кои може да се констатира дека јавното претпријатие извршило деблокирање на сметката и започнало да го уплатува дневниот пазар на соодветна сметка.

10.2.13. Јавното претпријатие превземало активности за склучување на договор на дело со физичко лице за извршување на работи и работни задачи инкасант на терен со кое му се дава можност на наведеното лице да располага со парични средства без да биде уреден начинот на обештетување при евентуалната злоупотреба на наведените средства. Ангажирањето на наведените лица не е во согласност со

одредбите од Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремените вработувања при што ангажирањето на лица кои не се во редовен работен однос предизвикува ризик од злоупотреба на средствата на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието потребата од дополнителни работници да ја врши со склучување на договори за вработување на определено односно неопределено време, ги утврди правата и одговорностите на вработените и ризикот од злоупотреба на средствата го минимизира.

10.2.14. Согласно Решенија број: 08-294/1 од 14.02.2007 година, 08-294/2 од 07.09.2007 година и 08-490/1 од 13.02.2008 година извршено е именување на вршител на должноста директор на Јавното комунално претпријатие “Петровец“ - Петровец, лице кое не поседува соодветна стручна спрема (ВСС) согласно Статутот и Правилникот за организација и систематизација на работите и работните места за работното место директор. Градоначалникот на општина Петровец превземал активности кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни претпријатија, Законот за локална самоуправа и Правилникот за организација и систематизација на работите и работните места бидејки наведените законски и интерни акти не предвидуваат можност именување вршител на должност директор на претпријатието во траење подолго од шест месеци и лице кое не поседуваа соодветна стручна подготовка (ВСС). Ваквата состојба предизвикува раководењето на претпријатието да е доверено на лице кое нема статус на директор и не е спроведена постапка за избор на истиот.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да превземе активности за распишување на јавен конкурс и изврши избор на директор на јавното претпријатие.

10.2.15. Претпријатието во своето работење не воспоставило систем на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на актите; обликот, содржината и начинот на водење на основните и на помошните евиденции; составните делови на актите и нивната административно-техничка обработка; разведувањето, одлагањето и средувањето на актите и предметите; одбирањето и евидентирањето на архивската граѓа; чувањето и користењето на архивската граѓа, како и основна евиденција за сите примени, односно деловодник што не е во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатство за начинот и техниката за постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење. Во текот на ревизијата јавното претпријатие пристапи кон изработка на интерни акти (Листа на документиран материјал со рокови на негово чување за 2008 година, План на архивските знаци за распоредување на актите за 2008 година, Листа на архивска граѓа од трајна вредност за 2008 година), за што ревизијата за овој дел од утврдената состојба не дава препорака.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење на претпријатието да обезбеди правилно водење на деловодникот и соодветно постапување и чување на архивската граѓа.

10.2.16. Јавното претпријатие во текот на 2007 година извршило ангажирање на три физички лица по договор на дело, за што е извршена исплата на име надомест на трошоците на вработените во износ од 120 илјади денари без притоа да изврши: пресметка на персонален данок на доход во износ од 16 илјади денари, плаќање на пресметаниот данок и искажување на наведените трансакции во трговските книги и финансиските извештаи, што не е во согласност со одредбите на Законот за работни односи, Законот за трговските друштва, Законот за Агенциите за привремените вработувања и Законот за персонален данок на доход. Ваквата состојба предизвикува потценување на приходите од Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да го уплати данокот. На 24.10.2008 година јавното претпријатие приложи копија од образец за вршење на платниот промет налог за јавни приходи (Образец ПП 50), од кој може да се констатира дека јавното претпријатие извршило плаќање на утврдениот персонален данок во износ од 16 илјади денари, за што ревизијата во овој дел од утврдената состојба не дава препорака.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието потребата од дополнителни работници да ја врши со склучување на договори за вработување на определено односно неопределено време и ги утврди правата и одговорностите на вработените.

10.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Надлежните органи на јавното претпријатие не превземале соодветни активности за пропишување и донесување на Сметководствени политики, кои ќе бидат усогласени со секој МСФИ кој е на сила на известувачкиот датум, а се основа за подготовка на финансиските извештаи односно неговите први финансиски извештаи подготвени според МСФИ, односно да се осигураат дека финансиските извештаи обезбедуваат информации релевантни и веродостојни за потребите за донесување на одлуки од страна на корисниците, што не е во согласност со Законот за трговски друштва, точка 20 од Меѓународниот сметководствен стандар МСС 1 - Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување МСФИ 1 - Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Непочитувањето на наведените законски акти и МСС предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени согласно на барањата утврдени во стандардите што влијае на релевантноста и верододстојноста на информациите кои ги обезбедуваат финансиските извештаи.

**Препорака:**

Да се превземат активности за пропишување и имплементирање на сметководствени политики кои ќе претставува основа за изработување на


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

финансиските извештаи согласно барањата утврдени во наведените стандарди.

10.3.2. Јавното претпријатие не ги превземало потребните активности за пропишување, донесување и спроведување на соодветни политики за попис на средствата и изворите на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и не извршило формирање на комисија за попис што не е во согласност со Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти предизвикуваат неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и изворите на средствата, побарувањата и обврските, неможност да се произнесат надлежните органи и можност за злоупотреба, ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да превземе мерки за формирање на комисија за вршење вонреден попис на средствата, изворите на средствата побарувањата и обврските, ја утвтрди фактичката состојба, изготви извештај за извршениот попис, за утврдените состојби се произнесе управниот одбор, а усвоениот извештај се спроведе во трговските книги.

10.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Согласно Решение трег.бр.2692/98 од 30.10.1998 година извршено е запишување во трговскиот регистар основање на Јавно комунално претпријатие „Петровец“ с.Петровец, со проценета вредност на основачкиот влог од 328 илјади денари кој не е евидентиран во трговските книги за 2006 и 2007 година, што не е во согласност со Законот за трговски друштва. Неевидентирањето на износот на основачкиот влог на основачот во трговските книги, предизвикува потценување на средствата и изворите на средствата (државен јавен капитал) за горе наведениот износ, можност од злоупотреба на истите како и оневозможување на остварување на идните права на основачот.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието го задолжи лицето/правниот субјект овластен за водење на трговските книги да изврши евидентирање на основачкиот влог.

10.4.2. Јавното претпријатие нема воспоставено сметководствени политики и не превземало активности за: начинот на фактурирање за отпремување на сметот, редовно и континуирано фактурирање на корисниците на услугите (правни лица), пресметување и искажување на обврската за ДДВ, обезбедување на побарувањата, соодветно евидентирање на побарувањата по овој основ, следење на нивната наплата и превземање на соодветни мерки за наплата, што не е во согласност со Законот за трговски друштва, Меѓународните сметководствени стандарди, Законот за данокот на додадена вредност. Ваквата состојба предизвикува да не е извршено:

пресметување на ДДВ за извршените услуги за физички лица кој износ ревизијата не беше во состојба да го квантифицира поради отсуство на веродостојни докази; фактурирање за извршените услуги за правните лица во износ од 640 илјади денари и ДДВ во износ од 115 илјади денари (според податоци од претпријатието); искажување во трговските книги, утврдување на финансискиот резултат и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи. На 24.10.2008 година јавното претпријатие достави копија од 5 (пет) фактури за извршено фактурирање за извршените услуги за претходни години кон правни субјекти и преглед за извршено фактурирање по овој основ со вкупна фактурна вредност од 1.826 илјади денари од кои (1.627 илјади денари за надомест за извршени услуги и 199 илјади денари за данок за додадена вредност), и извршена наплата по пат на цесија во износ од 106.177 илјади денари, за што ревизијата за овие делови на утврдените состојби не дава препорака.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да превземе активности за навремено и континиурано фактурирање на извршените услуги, изврши пресметка на ДДВ, ја утврди обврската за плаќање на ДДВ, изврши негово плаќање и обезбеди соодветно искажување во трговските книги.

10.4.3. Со Решенија број 08-294/1 од 14.02.2007 година, донесени од градоначалникот на општина Петровец, се одредува вршител на должноста на директор на јавното претпријатие, без притоа да се уредат правата и обврските на В.Д., односно да се склучи договор за утврдување на правата, одговорностите и овластувањата согласно закон, вклучувајки го и правото на плата и надоместоци на плата, даноци и приодонеси од плата што не е во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија, Законот за работните односи, Законот за персонален данок на доход, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување. Ваквата состојба предизвикува до денот на ревизијата во јавното претпријатие да не е извршена пресметка, евидентирање на обврските во главна книга и исплата на плата, надоместоци од плата, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за вработување, односно неможност директорот да располага со средствата на име плата и надоместоци на плата во законски пропишаниот рок (15 дена по изминување на исплатниот период/претходниот месец), потценување на приходите од Буџетот на Републиката и Буџетот на Фондовите за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати даноците и придонесите.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да изврши дополнување на актот за назначување на вршител на должноста директор и го уреди правото на плата и надоместоци на плата.

Да се превземат активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики и процедури за навремено пресметување, евидентирање на обврските за плата, даноците и придонесите од плата и нивна исплата односно плаќање.

10.4.4. За да се обезбедат/прибават достатни соодветни ревизорски докази за утврдените состојби, ревизијата постапувајки во согласност со МСР 505 Екстерни конфирмации и реден број 154 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија пристапи кон екстерно конфирмирање на комитентите на јавното претпријатие и носителите на платен промет (позитивни конфирмации/„бланко“ барање за конфирмација). Со наведената постапка ревизијата констатира дека јавното претпријатие нема искажано обврски со состојба 31.12. 2007 година во вкупен износ од 1.568 илјади денари (6 решенија за присилна наплата) и побарувања во износ од 53 илјади денари од МРГ Окта.

**Препорака:**

Да се превземат активности за навремено и континуирано конфирмирање на побарувањата и обврските на претпријатието и нивно соодветно искажување во трговските книги.

10.5. **Ефекти од ревизијата**

10.5.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.2., 10.3. и 10.4. преставуваат потценување на сметките во Билансот на успех и позициите во Билансот на состојба.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. до 10.4. финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавно комунално претпријатие „Петровец“ село Петровец под 31 Декември 2007 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.3., кај Јавно комунално претпријатие „Петровец“ село Петровец не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

13. Обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

13.1.1. Советот на општина Петровец на седницата одржана на ден 20.04.2005 година донесува Одлука за именување на членовите на управниот одбор на ЈКП „Петровец“- Петровец со која покрај другите лица се именува и лице кое во исто време е претседател на Советот на општината Петровец. Наведеното лице од страна на членовите на управниот одбор е именуван за претседател на управниот одбор. Ваквата состојба создава ризик да лицето кое е назначено за двете места да биде во можност да ја искористи својата функција, јавно овластување, службената должност и положба за остварување на корист било за себе или за некој друг, што не е во согласност со Законот за спречување на корупцијата.

13.1.2. Ценејќи ја состојбата со управувањето со отпадот во Република Македонија, временската рамка за донесување на Стратегијата за управување со отпадот, Планот за управување со отпад на Република Македонија, Плановите за

управување со отпад на општините и Програмите за управување со отпад, ревизијата смета за потребно да укаже дека градоначалникот на општината не ги превземал потребните активности согласно Законот за управување со отпадот пред се за:

- пропишување и предлагање на правила за постапување со комунален и со други видови неопасен отпад,
- водење грижа за собирање и селектирање на комуналниот отпад (обезбедување на садови за собирање и селектирање на комуналниот отпад од страна на давателот на услугата/јавното претпријатие),
- развивање и спроведување на мониторинг за управување со неопасниот отпад,
- создавање на катастар на создавачи на отпад,
- затварање на депониите кои не поседуваат дозвола за вршење дејност отстранување на отпад, затварање и рекултивирање на дивите депонии и

Ваквата состојба предизвикува несоодветно постапување со отпадот и можност за опасност по заштитата на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

13.1.3. Согласно податоците обезбедени од Универзална Инвестициона банка број 10-21816 од 21.03.2008 година за состојба на сметката на јавното комунално претпријатие „Петровец“ Петровец констатирана е состојба на континуирано блокирање на сметката, односно во периодот од месец мај 2005 година до август 2008 година, заради доставени судски решенија и решенија од Управата за јавни приходи по основ на ненавремено/неподмирени обврски во вкупен износ од 1.620 илјади денари. Ваквата состојба има свое влијание врз солвентноста и обезбедување на континуитет во работењето на јавното претпријатие, заради што надлежните органи и основачот треба да превземат мерки и активности за надминување на наведената состојба.

13.1.4. На ревизијата е презентиран Договор за заедничко обезбедување и вршење на комунални услуги (архивски не заверен и не утврден датум) помеѓу ЈКП Петровец од Петровец и Друштвото за услужни дејности „Тоифор“ Карл и Кау доо – Скопје, чиј предмет на договор е вршење на комунални услуги (чистење на септички јами и собирање на сметот од општина Петровец). Во трговските книги не постојат соодветни веродостојни докази за исполнувањето на обврските на договорните страни (начинот на вршење на услугите, набавка на договорената опрема, начинот на наплата на извршените услуги, квалитетот на извршените услуги, итн) односно не постојат веродостојни докази од кои може да се констатираат полноважноста и правните последици по основ на наведениот договор.

**Скопје, 04.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Јавно претпријатие за комунални работи „Петровец“ Петровец**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| **ОПИС** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | - | - |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | - | - |
| Останати деловни приходи | - | - |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **-** | **-** |
| Залиха на почетокот на периодот | - | - |
| Залиха на крајот на периодот | - | - |
| Материјални трошоци | - | - |
| Трошоци за бруто плати | - | - |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | - | - |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | - | - |
| Резервирања за трошоци и ризици | - | - |
| Останати оперативни трошоци | - | - |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **-** | **-** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | - | - |
| Приходи од учества на вложувања | - | - |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | - | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **-** | **-** |
| Вонредни приходи | - | - |
| Вонредни расходи | - | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **-** | **-** |
| Резервации за трошоци | - | - |
| **Данок од добивка** | **-** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **-** | **-** |

**Јавно претпријатие за комунални работи „Петровец“ Петровец**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | - | - |
| Побарувања по основ на продажба | - | - |
| Побарувања од поврзани субјекти | - | - |
| Краткорочни финансиски вложувања | - | - |
| Други краткорочни побарувања | - | - |
| Платени трошоци за идните периоди | - | - |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | - | - |
| Залихи | - | - |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | **-** | **-** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | - | - |
| Долгорочни финансиски вложувања | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | **-** | **-** |
| **Вкупна актива** | **-** | **-** |
| **Вонбиласна евиденција-актива** | **-** | **-** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за хартии од вредност | - | - |
| Обврски спрема добавувачите | - | - |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | - | - |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | - | - |
| Краткорочни обврски од финансирање | - | - |
| Останати краткорочни обврски | - | - |
| Одложени плаќања на трошоци | - | - |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **-** | **-** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | - | - |
| Долгорочни резервирања | - | - |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | - | - |
| Премии на капитал | - | - |
| Премии на емитирани акции | - | - |
| Ревалоризациона резерва | - | - |
| Резерви | - | - |
| Акумулирана добивка | - | - |
| Нето добивка | - | - |
| Пренесена загуба | - | - |
| Загуба за финансиска година | - | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **-** | **-** |
| **Вкупна пасива** | **-** | **-** |
| | | - |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | **-** | **-** |

**Јавно претпријатие за комунални работи „Петровец“ Петровец**

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| О П И С | Капитал | Ревалори зациона резерва | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Загуба за финансиска 2007 година | | | - | **-** |
| Распределба на ревалоризац. резерва | - | - | | |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | - | | - | **-** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | - | | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **-** | **-** | **-** | **-** |


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

**Јавно претпријатие за комунални работи „Петровец“ Петровец**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2007/2006** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **-** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | - |
| Приходи од задршки од плата | - |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | - |
| Данок од добивка | - |
| **Готовински текови од работење** | **-** |
| Побарувања по основ на продажба | - |
| Побарувања од поврзани субјекти | - |
| Други краткорочни побарувања | - |
| Залихи | - |
| Обврски спрема добавувачи | - |
| Останати краткорочни обврски | - |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **-** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | - |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **-** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **-** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **-** |